Точка на дневен ред: **3**
Предлагач: **Надзорен одбор**

## Материјал за Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје

Надзорниот одбор на НЛБ Банка му предлага на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје да ја усвои следната:

### Одлука за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје

Во прилог:

- Предлог-одлука за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје

Скопје, ноември 2020 година

## Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39, став 1, точка 5 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на ден 30.11.2020 година ја донесе следната

## Одлука за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје Скопје

1. Акумулираната добивка од 2019 година во износ од 1.671.660.913,00 МКД се употребува за исплата на дивиденда.

2. Акумулирана добивка од претходни години во износ од 16.893.349,00 МКД се употребува како што следи:
   1. За исплата на дивиденда во износ од 15.963.623,00 МКД;
   2. За покривање загуба од претходни години по основ на продажба на хартии од вредност во износ од 929.726,00 МКД.

3. Одлуката стапува во сила на денот на донесување.

Претседавач на
Собранието на акционери
НЛБ Банка АД Скопје

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

За деловната 2019 година, НЛБ банка АД Скопје оствари добивка по оданочување во износ од 1.849.917.998,00 МКД. Врз основа на Одлуката на акционерите за употреба и распределување на остварената добивка од годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година (0201-193; 23.04.2020), поради настанати вонредни услови предизвикани од пандемијата со вирусот COVID-19 и Писмото од НБРСМ од 20.3.2020 година, во кое се очекува од банките во РСМ да се воздржат од исплата на дивиденда од реализирана добивка од 2019 година со цел да ги надградат капиталот и ликвидните резерви над минимално потребниот праг, дел од остварената добивка на Банката за 2019 година во износ од 1.672.270.392,00 МКД (27.191.388,49 ЕУР) се распореди во акумулирана добивка расположлива за понатамошна распределба.

Согласно добрата ликвидносна и финансиска состојба на Банката во текот на годината, како и проценката за идниот развој на економската и финансиската ситуација и нејзиното влијание врз капиталот и ликвидносната позиција на Банката, Надзорниот одбор на Банката на Собранието на акционери му предлага употреба на акумулираната добивка на следниов начин:

1. Акумулирана добивка од 2019 година во износ од 1.671.660.913,00 МКД се употребува за исплата на дивиденда.

2. Акумулирана добивка од претходни години во износ од 16.893.349,00 МКД се употребува како што следи:
    1. За исплата на дивиденда во износ од 15.963.623,00 МКД;
    2. За покривање на загуба од претходни години по основ на продажба на хартии од вредност во износ од 929.726,00 МКД.

Минималното ниво на капитал што Банката треба да го одржува е 15% според регулаторните барања од Народната банка. Минималното ниво на капитал се дефинира со минимална вредност на адекватност на капиталот утврдена со изјавата за апетит за ризик на Банката (15,5%) и вклучува интерен стратегиски додаток од 50 базични поени.

Согласно моменталната ситуација и употребата на горенаведената акумулирана добивка од 2019 година и акумулираната добивка од претходни години, проектираната стапка на адекватност на капиталот на 31.12.2020 година ќе изнесува 15,8%, пресметана врз основа на планираната РПА и планираното движење на сопствените средства на Банката за 2020 година.

Скопје, ноември 2020